# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ПРИЛЕП

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 01 Февруари 2012 година<br>Службен гласник број 1<br>Овој примерок чини 50 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Жиро с-ка при Комерцијална банка – Филијала Прилеп<br>300020000208779<br>ЕДБ 4021996117695 |

*Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454,* ***www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2012 ГОДИНА**

1. Програмата за работа на Советот на Општина Прилеп за 2012 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 245/1
01.02.2012 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 29 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.Македонија" бр 5/2002), член 26 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп " бр.6/2003") и член 119 од Деловникот на Советот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп бр.11/2004"), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 31.01.2012 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
за работа на Советот на Општина Прилеп за 2012 година

**I. ОПШТ ДЕЛ**

Според надлежностите што се определени со Уставот на Р.Македонија, Законот за локалната самоуправа, Стаутот и Деловникот за работа на Советот на Општина Прилеп, Советот донесува Програма за работа за 2012 година.

Во Програмата се обележани основните рамки и насоки за работа на Советот во календарската 2012 година согласно со надлежностите кои се во ингеренции на Советот.

Програмата овозможува транспарентност во работата на Општината и е отворена за постојано проширување и дополнување согласно со укажувања на заинтересирани субјекти и поединци од Општината.

**II. ПОСЕБЕН ДЕЛ**
**II.1. Прво тримесечие - период ЈАНУАРИ - МАРТ 2012 година**

1. Извештај за реализирање на Програмата за уредување на градежно земјиште во 2011 година.

ИЗРАБОТУВА: Одделение за комунални работи
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина
ДОНЕСУВА:Совет на Општина Прилеп

2. Извештај за реализирање на програмата за изградба , одржување и заштита на локални патишта во 2011 година.
3. Предлог - План за градски и приградски превоз, со мрежа на линии на Општина Прилеп.
4. Извештај за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2011 година.

ИЗРАБОТУВА: Одделение за локални патишта и улици
РАЗГЛЕДУВА Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина
УСВОЈУВА: Совет на Општина Прилеп

5 Извештај за состојбата со водоснабдувањето и превземени краткорочни и долгоочни мерки за 2011 година;
6. Извештај за реализација на Програмата за одржување и реконструкција на локалната водоводна и канализациона мрежа за 2011 година.
7. Извештај за реализација на Програмата за одржување јавната чистота, паркови и зеленило и гробишта за 2011 година.
8. Извештај за реализација на Програмата за одржување и реконструкција на пазарите за 2011 година.
9.Програма за работа на ЈКП "Водовод и канализација" во одржување и реконструкција на локалната водоводна и канализациона мрежа за 2012 година.
- Информација за реализација на Грантот од KFW банката.
10. Програма за работа на ЈКП "Комуналец" во одржување на јавната чистота, паркови и зеленило и гробишта за 2012 година.
11. Програма за работа на ЈП "Пазари" во одржување и реконструкција на пазарите за 2012 година.
12. Завршна сметка за финансиското работење на ЈКП "Комуналец" Прилеп за 2011 година.
13.Завршна сметка за финансиското работење на ЈКП "Водовод и канализација" Прилеп за 2011 година.
14.Завршна сметка за финансиското работење на ЈКП"Пазари" Прилеп за 2011
15. Финансиски план на ЈКП,,Комуналец", Прилеп за 2012 година.
16. Финансиски план на ЈКП,,Водовод и канализација" Прилеп за 2012 година.
17. Финансиски план на ЈКП,,Пазари" Прилеп за 2012 година.
18. Финансиски план на ЈП за ,,ПУП" Прилеп за 2012 година.

ИЗРАБОТУВА: ЈКП "Водовод и канализација", ЈКП "Пазари" и ЈКП "Комуналец" - Прилеп
РАЗГЛЕДУВА: Управниот одбор на ЈКП "Водовод иканализација" и ЈКП" Комуналец" Прилеп, ЈКП "Пазари"Комисија за финансии и буџет и Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина
УСВОЈУВА: Советот на Општина Прилеп

19.Завршна сметка на Буџетот на Општина Прилеп за 2012 год.

ИЗРАБОТУВА: Сектор за финансии и Буџет
РАЗГЛЕДУВА:Комисија за финансии и Буџет
ДОНЕСУВА: Советот на Општина Прилеп

20. Информација на ЈКП Комуналец Прилеп за изградба на објектот Капела на градските гробишта и придружен објект трпезарија;
21. Информација за состојбата со дивите депонии.
22. Информација за состојбите со кучињата-скитници, чавките и другите штетници во градот.

ИЗРАБОТУВА:ЈПК"Комуналец" - Прилеп
РАЗГЛЕДУВА:СО - Прилеп

23. Одлука за продолжување на важноста на урбанистичките планови.
24. Програма за јавна кампања за чист и зелен Прилеп.
25.Информација за состојбата, локацијата и одржувањето на културно-историските споменици и градбеното наследство на подрачјето на Општина Прилеп .
26.Евиденција на спомениците и спомен-обележјата во нашата општина и изработка на проекти за изградба на нови споменици и спомен одбележувања.

ИЗРАБОТУВА:Сектор за урбанизам, комунални работи и животна средина и Одделение за општествени работи
РАЗГЛЕДУВА:Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина и Комисија за одбележување на значални настани, личности и празници
ДОНЕСУВА:СО – Прилеп.

27.Програма за одбележување на верскиот празник ,,Прочка" и учество во манифестацијата ,,Собири на карневалски градови".

ИЗРАБОТУВА: Комисија за општествени дејности и Комисија за одбележување на значални настани, личности и празници
НОСИТЕЛ: Совет на Општина Прилеп и Комисијата за општествени дејности

28. Колективен договор на ниво на работодавец на вработените во Општинската администрација.

ИЗРАБОТУВА: ОО на синдикалната администрација
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за Статут и прописи иКомисија за финансии и Буџет
ДОНЕСУВА: Совет на Општина Прилеп

29. Одлука за формирање на Слободна економска зона.

ИЗРАБОТУВА: Одделение за економски развој и прекугранична соработка
РАЗГЛЕДУВА: Статутарно-правна комисија
ДОНЕСУВА: Совет на Општина Прилеп

30. Постојано следење на проблемот со водоснабдувањето на Општина Прилеп.

31. Информација за состојбата со просторот за паркирање и начинот на неговото користење.

32. Информација за архитектонските бариери и лицата со посебни потреби.
33. Информација за безбедносната состојба во Општина Прилеп.
34. Програма за одбележување на значајни празници, настани и личности.
35. Информација за состојбата со имињата на улиците, плоштадите, мостовите и други објекти во Општина Прилеп.
36. Извештај за извршената работа на Советот за 2011 година.
- Советнички прашања и одговори.
37. Извештаи за финансиското работење на јавните претпријатија во прв квартал.

**II.2. Второ тримесечие - период АПРИЛ - ЈУНИ 2012 година**

1.Информација за работата на ЈУ Дом за стари лица "Киро Крстески - Платник" - Прилеп.

ИЗРАБОТУВА: ЈУ Дом за стари лица "К.К.- Платник"
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за општествени дејности
УСВОЈУВА: Совет на Општина Прилеп.

2. Правилник за условите за привремено отстапување на делови од јавни сообраќајни и други простории на користење на одделни субјекти кои имаат потреба од тоа;
3. Правилник за поставување на урбана опрема;
4. Одлука за утврдување на услови и режим на сообраќај во централното градско подрачје.
5. Одлука за регулирање на начинот и условите за сите видови рекламирања и огласувања на јавни простории со посебен правилник.

НОСИТЕЛ: Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина.
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина и Комисија за општествени дејности
ДОНЕСУВА:Советот на Општина Прилеп.

6. Разгледување и усвојување на проекти и програми од еколошко и друго значење за Општината во соработка со невладините организации.
7. Разгледување и усвојување на нормативи и стандарди за уредување и одржување на пешачките површини во градот.

НОСИТЕЛ: Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина.
РАЗГЛЕДУВА: Одборот за урбанизам и заштита на животната средина,
ДОНЕСУВА: Советот на Општина Прилеп.

8. Информации за реализација на проектите кои се реализирани со средства од донации.

ИЗРАБОТУВА: Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина.
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животнасредина и Комисија за општествени дејности.
УСВОЈУВА: Советот на Општина Прилеп.

9. Информација за статусот на објектите изградени од самопридонес на граѓаните и активности за враќање во надлежност на Општина Прилеп.

ИЗРАБОТУВА: Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина и Сектор за правни, општествени и општи работи.
УСВОЈУВА:Советот на Општина Прилеп.

10. Информација за одржувањето на театарските игри Војдан Чернодрински, вклучување на локалната самоуправа во организацијата.

ИЗРАБОТУВА:ЈУ "В. Чернодрински" Прилеп
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за општествени дејности
УСВОЈУВА: Советот на Општина Прилеп.

11. Разгледување на Информацијата за социјалниот статус на населението во град Прилеп и населените места.

ИЗРАБОТУВА:Комисија за општествени дејности во соработка со:Биро за вработување и Центар за социјални грижи
РАЗГЛЕДУВА:СО - Прилеп
УСВОЈУВА: Советот на Општина Прилеп.

12. Извештај за комуналното уредување на Општина Прилеп за првото полугодие од 2012 година.

ИЗРАБОТУВА: Оделение з а комунални работи
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина
УСВОЈУВА: Советот на Општина Прилеп

13. Информација за состојбата со старите и новите гробишта во Општина Прилеп.

ИЗРАБОТУВА:ЈКП,,Комуналец,, Прилеп и Комисија за изготвување на оваа Информација
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина
УСВОЈУВА : Совет на Општина Прилеп

14 Информација за состојбата на спортските терени и објекти со предлог на мерки.

ИЗРАБОТУВА: Комисија за општествени дејности во соработка со:Агенција за млади и спорт и ЈП за стопанисување со спортски објекти
УСВОЈУВА : Совет на Општина Прилеп.

15. Информација за целокупниот имот на општина Прилеп.

ИЗРАБОТУВА:Општинска администрација
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за финансии и буџет
УСВОЈУВА : Совет на О.Прилеп.

16. Програма за развој на Општина Прилеп во наредниот 5 годишен период.

17. Програма за спроведување на децентрализацијата и реформите во Локалната самоуправа.
18. Извештај за работата на Советот за заштита на потрошувачите за 2011 година.

| |
|---|
| ИЗРАБОТУВА: Совет за заштита на потрошувачите<br>РАЗГЛЕДУВА: Совет за заштита на потрошувачите<br>УСВОЈУВА: Совет на Општина Прилеп |

19. Информација за состојбата на спортот и физичката култура во Општина Прилеп.

| |
|---|
| ИЗРАБОТУВА: Сојуз на спортови<br>РАЗГЛЕДУВА: Комисија за општествени дејности<br>УСВОЈУВА: Совет на Општина Прилеп |

20. Информација за состојбата во културата и библиотечната дејност.
21. Разгледување и усвојување на научно-истражувачки проекти во Општина Прилеп.
22. Извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Прилеп за првото тримесечие во 2012 година.
23. Информација за реализација на Грантот од KFW банката.
24. Советнички прашања и одговори.
25. Извештаи за финансиското работење на јавните претпријатија во втор квартал.

**II.3. Трето тримесечие - период ЈУЛИ - СЕПТЕМВРИ 2012 година**

1.Донесување, изменување и дополнување на урбанистичките планови во Општина Прилеп во текот на 2012 година. Реализацијата ке биди во текот на целата година, согласно постапките на нивно донесување.
- Програма за поставување на времени објекти

| |
|---|
| НОСИТЕЛ: Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина.<br>РАЗГЛЕДУВА: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина<br>ДОНЕСУВА: Советот на Општина Прилеп. |

2. Информација за состојбата на програмата за просторно планирање и физибилити студијата за одредени локалитети на Општина Прилеп за 2011 година.

| |
|---|
| НОСИТЕЛ:Сектор за урбанизам, комунални Работи и заштита на животна средина.<br>РАЗГЛЕДУВА: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина<br>ДОНЕСУВА: Советот на Општина Прилеп. |

3. Покренување на акција за спроведување на дератизација врз основа на детална анализа на инфраструктурата
4. Покренување на иницијатива за формирање на Комитет за заштита и здравје при работа.

| |
|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: Завод за здравствена заштита,Комисија за опшествени дејности во соработка со трудова, |

5. Програма за прославување на 11 Октомври.

| |
|---|
| ИЗРАБОТУВА: Комисија за одбележување на значални настани, личности и празници во соработка со Сојузот на борците<br>РАЗГЛЕДУВА: Советот на Општина Прилеп<br>УСВОЈУВА: Советот на Општина Прилеп. |

6. Информација за состојбата со оџаците и предлог мерки за заштита од пожари.

| |
|---|
| ИЗРАБОТУВА : У.В.Р.-Против пожарна бригада - Прилеп<br>УСВОЈУВА : Совет на О.Прилеп |

7. Извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Прилеп за второто тримесечие во 2012 година.
8. Информација за реализација на Грантот од KFW банката.
9 Информација за превземените мерки за безбедноста на сообраќајот на патиштата во Општина Прилеп.
10. Советнички прашања и одговори.
11. Извештаи за финансиското работење на јавните претпријатија во трет квартал.

**II. 4. Четврто тримесечие - период ОКТОМВРИ - ДЕКЕМВРИ 2012 година**

1. Информација за наталитетот во град Прилеп и демографска анализа
2. Информација за почетокот на школската година, состојбите во предшколските установи и основните училишта.

| |
|---|
| ИЗРАБОТУВА:Комисија за општествени дејности<br>РАЗГЛЕДУВА:Советот на Општина Прилеп<br>УСВОЈУВА:Советот на Општина Прилеп. |

3. Доделување на награди 3 Ноември.

| |
|---|
| РАЗГЛЕДУВА: Комисија за одбележување на значални настани, личности и празници<br>УСВОЈУВА: Комисија за одбележување на значални настани, личности и празници |

4.Годишни Програми за работа на основните и средните училишта и Детските градинки во Општина Прилеп во учебната 2012/2013година.
- Годишни извештаи за работата на основните и средните училишта и Детските градинки во Општина Прилеп во учебната 2011/2012година.

ИЗРАБОТУВА: Надлежните установи
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за опшествени дејности
УСВОЈУВА: Советот на Општина Прилеп

5. Програма за одржување на улиците во зимски услови во Општина Прилеп за 2012/2013.

ИЗРАБОТУВА: Одделение за локални патишта и улици
РАЗГЛЕДУВА:Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина
ДОНЕСУВА: Советот на Општина Прилеп

6. Програма за организиран дочек на 2013 година.

ИЗРАБОТУВА:Комисија за општествени дејности
ДОНЕСУВА:Советот на Општина Прилеп

7. Програма за работа на Советот на Општина Прилеп за 2013 година.

ИЗГОТВУВА:Комисија за изготвување на Предлог- програма
ДОНЕСУВА: Советот на Општина Прилеп

8. Буџет на Општина Прилеп за 2013 година.

ИЗРАБОТУВА:Сектор за финансирање и Буџет
РАЗГЛЕДУВА:Комисија за финансии и буџет
ДОНЕСУВА: Советот на Општина Прилеп

9. Извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Прилеп за третото тримесечие во 2012 година.
10. Информација за реализација на Грантот од KFW банката.
- Советнички прашања и одговори.

**III.НОРМАТИВЕН ДЕЛ**

Со овој дел од програмата за работа на Советот на Општина Прилеп се обработува нормативната дејност на Советот што треба да се извршува во текот на 2012 година, која се сведува во донесување на нормативни акти за усогласување на постојните прописи во изминатиот период од страна на Советот врз основа на прописите што ќе бидат донесени во 2012 година.

**IV.ЗАВРШЕН ДЕЛ**

Имајќи го во предвид големото значење за граѓаните на Општината, што го носи процесот на децентрализација, кој процес ќе се интензивира во оваа година, неопходна е постојана транспарентност и информираност за секој сегмент на децентрализацијата, односно пренесувањето на надлежностите од централната на локалната власт, со што ќе се унапреди процесот на демократијата во Општината, секој граѓанин во Општината ќе има можност да се запознае со правата, обврските и предностите што ги носи процесот на децентрализација, во поодделните сегменти на животот.

При разгледувањето на Буџетот за 2013 година и Завршната сметка за 2011 година да се даде поголема јавност.

За извршување на Програмата се задолжуваат предлагачите, изготвувачите и сите останати учесници да се придржуваат на роковите утврдени со програмата.

Во текот на 2012 година, Советот на Општина Прилеп ќе ги разгледува и сите дополнителни прашања што ќе произлезат од тековното работење.

Извршувањето на Програмата ќе зависи од законските и финансиските услови.

Програмата да се проследи до Градоначалникот и да се објави во "Службен гласник на Општината Прилеп".

Број 07 – 230/2
31.01. 2012 година
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Проф.Д-р Гордана Мицеска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ПО ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2012 ГОДИНА

1. Заклучокот по Програмата за работа на Советот на Општина Прилеп за 2012 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 245/1-1
01.02.2012 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003,4/2005 и 10/2008), Советот на Општина Прилеп претресувајќи ја Програмата за работа на Советот на Општина Прилеп за 2012 година, на седницата, одржана на ден, 31.01.2012 година, донесе:

## З А К Л У Ч О К
по Програмата за работа на Советот на Општина Прилеп за 2012 година

1. Субјектите предвидени со Програмата, благовремено до Советот да ги

доставуваат предлозите за кои се задолжени да ги изработат, како би можел Советот во целост да ја спроведе Програма.

2. Заклучокот да се достави до Градоначалникот, архивата на Општина Прилеп и субјектите предвидени во Програмата.

3. Заклучокот ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 230/2-1 ПРЕТСЕДАТЕЛ
31.01. 2012 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Проф.Д-р Гордана Мицеска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2011 ГОДИНА**

1. Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Советот на Општина Прилеп за 2011 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 245/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
01.02.2012 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003,4/2005 и 10/2008), Советот на Општина Прилеп претресувајќи го Извештајот за работа на Советот на Општина Прилеп за 2011 година, на седницата, одржана на ден, 31.01.2012 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
за усвојување на Извештајот за работа на Советот на Општина Прилеп за 2011 година

1. Се усвојува Извештајот за работа на Советот на Општина Прилеп за 2011 година.

2. Заклучокот ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 230/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
31.01. 2012 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Проф.Д-р Гордана Мицеска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2012 ГОДИНА**

1. Одлуката за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за 2012 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 245/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
01.02.2012 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на Р.М." бр.5/2002) и член 26, точка 4 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005 ), , како и врз основа на чл.4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во РМ (Сл.Весник на РМ бр.97/2010) , Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 31.01.2012 година , донесе:

**О Д Л У К А**
за измени на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за 2012 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се вршат измени на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за 2012 година , заведена под бр.07-2549/3 од 28.12.2011 г.

**Член 2**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за 2012 г. , се вршат измени во членот 6 и истиот гласи како следи :

"Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, и согласно закон.

- Вредноста на коефициентот за исплата на плата на Градоначалникот се утврдува на ниво од 3,40. Појдовна основа за 1(единица ) коефициент изнесува 25.726,оо ден.
- Месечниот надоместок на членовите на Советот на Општина Прилеп за присуство на седници на Советот на Општина Прилеп се утврдува на износ од 70% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена во претходната година.
- На Претседателот на Советот на Општина Прилеп за раководење и организирање на работата на Советот се зголемува за 30% од

утврдениот надоместок што го примаат останатите советници.

- За државните службеници вредноста на бодот се утврдува на ниво од 73.85 денари.
- Вредноста на коефициентот за исплата на плати за вработените согласно одредбите на Законот за работни односи се утврдува во висина од 8.083,оо денари."

**Член 3**

Оваа Одлука ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп", стапува во сила со денот на објавувањето , а ќе се применува од 01 јануари 2012 година.

Број 07 – 230/4
31.01. 2012 година
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Проф.Д-р Гордана Мицеска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2012 ГОДИНА**

1. Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиштево сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Прилеп за 2012 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 245/4
01.02.2012 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 89 од Законот за градежно земјиште (Сл.весник на РМ бр.17/2011 од 11.02.2011), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 31.01.2012 година, донесе:

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2012 ГОДИНА**

**ВОВЕД:**

**Општ дел**

Со донесување на новиот закон за градежно земјиште (Сл.весник на РМ бр.17/2011 од 11.02.2011) и законот за изменување и дополнување на законот за градежно земјиште (Сл.весник на РМ бр.53/2011 од 14.04.2011) , градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, домашни и странски правни и физички лица.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Одлука за стекнување на сопственост на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје го донесува Советот на општината.

Сопственоста на општините им ги овозможува следните права: право на градење, право на користење, пренесување на правото на градење на други лица и отуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште сопственост на Република Македонија управува Владата на Република Македонија.

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење Владата на Република Македонија може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и неуредено. Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во границите на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено градежно земјиште е земјиште на кое нема изграедно комунална инфраструктура.

Градежно земјиште е земјште кое е планирано со урбанистички план или урбанистичка планска документација.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план или урбанистичка планска документација и може да се состои од една, од дел или од повеќе катастарски парцели.

Објект од траен карактер е објект изграден со документација (одобрение) и заведен во јавните книги за недвижности.

Објект од времен карактер е објект поставен со одобрение за поставување до реализација на урбанистички план или урбанистичка документација. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на

нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е подземна или надземна градба за инсталации од комуналната инфраструктура.

Прометот со градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Македонија може да се отуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), даде под долготраен и краткотраен закуп, разменува или да се востановат други стварни права.

**А) Просторен опфат и предмет на Програмата**

Предмет на Програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Прилеп, дефинирана според територијалната организација на Република Македонија, за време на календарска 2012 година.

За да може да се врши отуѓување, давање под закуп, на градежното земјиште потребно е да се изработи мапа на државното градежно земјиште во општината со сите нумерички податоци за истото.

Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистичките планови врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

Во Годишната Програма се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на териториите на:

- ДУП за УЕ 17-А донесен со Одлука бр. 07-3405/1 од 19.07.1989г
- ДУП за УЕ 2 УБ2/2, блок Б донесен со Одлука бр. 07-2014/7 од 27.08.2008г
- ДУП за УЕ 11 дел - под касарни донесен со Одлука бр. 07-449/7 од 23.04.1999г
- ДУП за УЕ 11 дел - под касарни донесен со Одлука бр. 07-449/7 од 23.04.1999г и Архитектонско - урбанистички проект за основно училиште со затворен пливачки базен со решение бр. 09-2733/2 од 16.01.2009г
- ДУП за УЕ 6 донесен со Одлука бр. 08-409/1 од 18.11.1992г
- ДУП за УЕ 9 - Стара чаршија донесен со Одлука бр. 08-966/3 од 04.09.1996г

**Б) Основи за изработка на Програмата**

- **Законски основ**

Законски основ на програмата за управување со градежното земјиште се:
Закон за локалната самоуправа (Сл. Весник на РМ 5/2002),
Закон за градежно земјиште (Сл.весник на РМ бр.17/2011 од 11.02.2011)
Законот за изменување и дополнување на законот за градежно земјиште (Сл.весник на РМ бр.53/2011 од 14.04.2011)
чл. 14 од Статутот на Општина Прилеп (Сл. Гласник бр. 6/2003 и 4/2005)

- **Основни плански документи**

1. ДУП за УЕ 17-А донесен со Одлука бр. 07-3405/1 од 19.07.1989г
2. ДУП за УЕ 2 УБ2/2, блок Б донесен со Одлука бр. 07-2014/7 од 27.08.2008г
3. ДУП за УЕ 11 дел - под касарни донесен со Одлука бр. 07-449/7 од 23.04.1999г
4. ДУП за УЕ 11 дел - под касарни донесен со Одлука бр. 07-449/7 од 23.04.1999г и Архитектонско - урбанистички проект за основно училиште со затворен пливачки базен со речение бр. 09-2733/2 од 16.01.2009г
5. ДУП за УЕ 6 донесен со Одлука бр. 08-409/1 од 18.11.1992г
6. ДУП за УЕ 9 - Стара чаршија донесен со Одлука бр. 08-966/3 од 04.09.1996г

Други документи потребни за изработка на Програмата се следните стратешки, развојни и плански документи донесени на локално ниво:

- **Стратегија за локален економски развој** на Општина Прилеп за плански период од 2007 до 2012 год.
- **Локален еколошки акционен план** за Општина Прилеп за плански период од 2003 до 2008год., во 2008год. усвоена е иницијатива за изработка на втор ЛЕАП за Општина Прилеп.
- **Локален акциски план за вработување** на Општина Прилеп за плански период од 2009 до 2011год.
- **Генерален урбанистички план** на Град Прилеп за плански период од 2011 до 2021год.

**В) Лица вклучени во изработка на Програмата**

- Методија Зајкоски, дипломиран инжењер архитект, раководител на Одделение за комунални работи.

- Панда Ризоска, архитектонски техничар,самостоен референт во Секторот за урбанизам

**Г) Цели на Програмата**

- **Општи цели на Програмата**

Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината, преку правење просторни услови за развој.

- **Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети**

Заинтерсираните граѓани за изградба на сопствени простори за обавување на дејност можат да ја реализираат својата потреба, а со тоа да придонесат за развојот на Општина Прилеп на начин што ќе обезбедат вработување на невработени лица а со тоа и обезбедување на подобри услови за живеење од една страна и давање на можност за користење на расположивите ресурси.

**1. Динамика на реализација на Програмата**

Програмата за 2012г. се планира да се реализира во два дела. Првиот дел би го опфатил првото тромесечие од 2012г. во кој период би се ставиле за отуѓување по пат на јавно наддавање сите парцели кои што се опфатени во оваа програма. Вториот дел би го опфатил периодот после донесувањето на новите планови кои што се очекува да се усвојат за неколку месеци и со кои би се дополнила програмата а би ги опфатил парцелите кои што ќе се формираат со нив.

- **Пропишување на условите за надавање**

Се пропишуваат условите за наддавање согласно Законот за градежно земјиште односно се определуваат следните параметри:

-висината на депозитот за учество

-определување на интернет страницата на која ќе се врши надавањето

-одредување на условите за учество

-пропишување на други обврски

-се наведуваат останати релевантни информации во врска со надавањето

- **Лица надлежни за реализацијата на Програмата**

Ицко Чупаркоски – дипломиран инжињер архитект

Рубин Биноски – дипломиран правник

Давор Глигоровски - дипломиран правник

Бошко Талески – дипломиран економист

Методија Зајкоски – дипломиран инжињер архитект

**2. Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата**

Се очекува прилив на средства :

-од продажба на парцели за индивидуално домување – 5.444.349,00ден

-од продажба на парцели за колективно домување – 8.146.044,00ден

-од продажба на парцели за јавни институции – 10.006.050,00ден

-од продажба на парцела за затворен пливачки базен – 49.395.508,50ден

-од продажба на парцели за мали комерцијални и деловни намени – 4.308.997,50ден

**3. Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата**

Финансиските средства потребни за реализација на програмате се состојат од проценети средства потребни за огласување на градежните локации што ќе бидат предмет на отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште без нивно рекламирање кои што изнесуваат 305.545,00ден.

**4. Преодни и завршни одредби**

-Програмата ја усвојува Советот на општината.

-Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста по која и се донесува.

-За спроведувањето на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општина Прилеп.

-Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во Службениот гласник на општината.

**ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ КОИ ШТО ЌЕ БИДАТ ПРЕДМЕТ НА ОТТУЃУВАЊЕ ПО ПАТ НА ЈАВНО НАДДАВАЊЕ**

| Реден број | Број на градежна парцела | Вкупна површина на градежна парцела (м2) | Намена на земјиштето (основна класа) | Намена на земјиштето (опис) | парцели во состав на градежната парцела | Површина за градба (м2) | Бруто развиена површина (м2) | процент на изграденост | искористеност на земјиштето | максимално дозволена висина (м1) | катност | Почетна/ утврдена цена по метар квадратен | вкупна почетна/ утврдена цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ДУП за УАЕ17-А донесен со Одлука бр. 07-3405/1 од 19.07.1989г | | | | | | | | | | | | | |
| 1 | **552** | 1528,00 | А2 | домување во станбени згради | / | 480,00 | 1440,00 | 31% | 0,94 | / | В+П+3 | 1400 | / |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ДУП за УАЕ 2 УБ2/2, блок Б донесен со Одлука бр. 07-2014/7 од 27.08.2008г | | | | | | | | | | | | | |
| 2 | **2** | 2060,00 | В | јавни институции | / | 820,00 | 1724,00 | 40% | 0,84 | 9,20 | П+2 | 350 | / |
| ДУП за УАЕ11 дел - под касарни донесен со Одлука бр. 07-449/7 од 23.04.1999г | | | | | | | | | | | | | |
| 3 | **257** | 373,00 | А1 | семејна куќа - домување | / | 99,00 | 297,00 | 27% | 0,80 | / | С+2 | 550 | / |
| 4 | **258** | 390,00 | А1 | семејна куќа - домување | / | 99,00 | 297,00 | 25% | 0,76 | / | С+2 | 550 | / |
| 5 | **259** | 409,00 | А1 | семејна куќа - домување | / | 99,00 | 297,00 | 24% | 0,72 | / | С+2 | 550 | / |
| ДУП за УАЕ11 дел - под касарни донесен со Одлука бр. 07-449/7 од 23.04.1999г и Архитектонско - урбанистички проект за основно училиште со затворен пливачки базен со решение бр. 09-2733/2 од 16.01.2009г | | | | | | | | | | | | | |
| 6 | / | 9967,00 | В1 | образование | / | 3572,00 | 10608,00 | 36% | 1,06 | 18,00 | П+2 | 300 | / |
| ДУП за УАЕ6 донесен со Одлука бр. 08-409/1 од 18.11.1992г | | | | | | | | | | | | | |
| 7 | / | 725,00 | Б1 | мали комерцијални и деловни намени | / | 300,00 | 630,00 | 41% | 0,87 | / | П+1+По | 3400 | / |
| ДУП за УАЕ9 - Стара чаршија донесен со Одлука бр. 08-966/3 од 04.09.1996г | | | | | | | | | | | | | |
| 8 | **323** | 28,00 | Б1 | мали комерцијални и деловни намени | / | 28,00 | 56,00 | 100% | 2,00 | / | П+По | 3400 | / |
| 9 | **324** | 29,00 | Б1 | мали комерцијални и деловни намени | / | 29,00 | 58,00 | 100% | 2,00 | / | П+По | 3400 | / |
| 10 | **325** | 32,00 | Б1 | мали комерцијални и деловни намени | / | 32,00 | 64,00 | 100% | 2,00 | / | П+По | 3400 | / |

Број 07 – 230/5
31.01. 2012 година
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Проф.Д-р Гордана Мицеска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2012 ГОДИНА**

1. Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2012 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 245/5
01.02.2012 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на чл.17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.51/05 и 137/07,91/09 ,124//10,18/11 и 53/11),чл.22,ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/02) и чл.26 од Статутот на општина Прилеп(Сл.гласник на општина Прилеп бр.4/05 и 10/08) Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 31.01.2012 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**За изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2012 година**

**чл.1**

Се донесува Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп.

**„А. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**

**1. Детален Урбанистички план за УАЕ бр.1**
1.1.Урбан блок 1.04……. ....................47, 24 ха
1.2.Урбан блок 1.03 ….......................... 61,61 ха
1.3.Урбан блок 1.01……………. …… 35.36 ха
1.4 Урбан блок 1.02………………… 24.84 ха
**2. Детален Урбанистички план за УАЕ бр.2**
2.1.Урбан блок 2.01 .. ..........................42,61 ха
2.2 Урбан блок 2.02 ………………… 45,71 ха
2.3 Урбан блок 2.03 ………………… 41,09ха
**3. Детален Урбанистички план за УАЕ бр.3**
3.1. Урбан Блок 3.01…..........................15,00 ха
**4. Детален Урбанистички план за УАЕ бр.4**
4.1. Урбан Блок 4.01 …. .................... 6.00ха
**5.Детален Урбанистички план за УАЕ бр. 5**
5.1. Урбан Блок 5.01 .......................... 20.00 ха

**6. Детален Урбанистички план за УАЕ бр.6**
6.1. Урбан Блок 6.01 …............... ..... 33.54 ха
**7. Детален Урбанистички план за УАЕ бр.7**
7.1. Урбан Блок 7.01…… ...................2.50ха
7.2. Урбан блок 7.02…………………. 2.00ха
**8. Детален Урбанистички план за УАЕ бр. 8**
Урбан Блок 8.02 ………………………4.00ха
